| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**<br>**за УЕ 6,дел од Б 6.3, „Едвард Кардељ“, К.О Кавадарци -град**<br>**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**<br>**плански период**<br>**2019 – 2024 год** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Кавадарци** |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | **Општина Кавадарци** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **д.и.а Цветанка Тодорова Лекоска** |
| Назив на работното место | **Раководител на одделението за урбанизам** |
| Контакт податоци за лицето | **071 328 496** |

| **Основни податоци за планскиот документ** |
|---|
| Што произлегува од донесувањето на планскиот документ?(Пр Законска обврска или друга одредба ) |
| **П Р О Г Р А М А за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2017 година, Глава IV, Точка 24 ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 6,дел од Б 6.3, „Едвард Кардељ",,ќе се изработи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 199/14, 44/15 ,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 14 2/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ и Регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и АУП и содржината, формата и начинот на обработка на Проектот за инфраструктура (Сл.Весник на РМ бр. 142/15) и Правилник за начинот на спроведување на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-плански документации и урбанистичко – проектни документации во електронска форма (Сл.Весник на РМ бр. 111/15 и 142/17), плански период 2018 – 2023 год.** |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот ? |
| Да **X**<br>Не |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| **Предложени плански решенија за уредување на просторот се базираат врзГенералниот урбанистички план на Кавадарци, ДУП УБ 6.3 „Едвард Кардељ"2003-2008г. Кавадарци, ДУП за дел од УБ 11К „Блажо Алексов" 2013-2018г,<br>ДУП за КП бр.11558, К.О. Кавадарци, 2015-2020г, ДУП за плански опфат „11-тиОктомври" 2007-2012г, ДУП со одлука бр.01-996/1 од 05.04.1976.Согласно блоковската поделба од ГУП Кавадарци, планскиот опфат се однесува за дел од УЕ 6,Б 6.3 „Едвард Кардељ" со намена домување икомерцијални и деловни намени. Во границите на планскиот опфат се наоѓа ии "Маркова кула", градба од 18век која претставува градба од културно и** |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од законот за животна средина ? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа |
| **Да,   Просторно и урбанистичко планирање** |
| Дали планскиот документ определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | | | Член | | | Точка | | Алинеја | |
| Не | **X** | | | | | | | | |

| |
|---|
| Дали планскиот документ се планира реализирање на проект што е определен со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| **Не** |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| **Да. Урбанистичкиот план за УЕ 14, ДЕЛ ОД БЛОК 14.8, „ТРИБОР" се однесува за плански опфат<br>со површина од 0,8ха или 7641м²истиот се наоѓа во опфатот на ГУП е од локално значење за Општина Кавадарци.** |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |

Појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој ДУП покрај смерниците од ГУП и смерниците од предходниот ДУП за овој локалитет се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на ова урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место. Со предложеното решение се задржува предвидената со ГУП намена на површини – А1 – Домување во станбени куќи.

Предмет на планскиот документ.(пр транспорт,планирањена простор и сл.)

Просторно и урбанистичко планирање

Период за донесување на планскиот документ

/

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку год?

/

Простор или област опфатени со документот.пр.геогравска област,(добро е да се прикачи мапа)

Просторот дефиниран за изработка на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за УЕ 6,дел од Б 6.3, „Едвард Кардељ“, со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Кавадарци .
- од северо-западната страна границата на опфат минува по оската на станбената улица “Максим Горки”.
- југо-западната граница на опфатот се движи по осовината на ул. “Илинденска”.
- на југоисточната страна границата на опфатот се движи по оската на станбената ул. “Партизанска”.



Целите и /или предлог целите што треба да се постигнат со реализирање на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

| | |
|---|---|
| Да | |
| Не | X |

Дали е приложена копија од целите?

| | |
|---|---|
| Да | |
| Не | X |

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги потполните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можело да имаата значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)

Посебни потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ нема

Просторот на планскиот опфат претставува сочувана средина без еколошки нарушувања со чист воздух и почва. Заштитата на животната средина, заедно со просторната разместеност на населението со сите зони за живеење и инфраструктурата соурбанизацијата е третирана како битен елемент за идниот развој за градот Кавадарци.

Почва

Еколошката стабилност на земјиштето е во зависност од рационалното искористување на земјиштето на плодните земјоделски површини и шумите, во однос на деградираните површини (голините и шикарите). Во населбата теренот има V и VI бонитетна класа.

Сообраќај

Населбата ќе се развива плански со максимално почитување на следните нормативи:

- Правилно поставување на сообраќајниците во однос натеренот односно сообраќајниците да имаат наклон од 4 (6)% - 8(12)% за брдовит терен , а самостојни пешачкипатеки 12 (14)%.

Наменски зони

За функционирање на населбата се следните зони:

- домување во станбени куќи
- инфраструктура

Отпадни материјали

За собирање на отпадните материјали низ населбата се планирани ниши за контејнери и садови за отпадните материјали лоцирани во дворните места, а на ниво на цел град во постојната депонија.

| | |
|---|---|
| Веројатноста,времетраењето,фреквентноста и повратноста на влијание | документација ќе има негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба, така и во фазата на експлоатација на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фазана градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не значајни |
| Комулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | / |
| Ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Водено е сметка за негова рационална искористеност со цел да не се нарушат основните принципи на начин на живеење и хуманизација на просторот |

| | |
|---|---|
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат претставува ДУП за УЕ 6,дел од Б 6.3, „Едвард Кардељ“, КО<br>Кавадарци -град, Општина Кавадарци.<br>Граница на опфатот<br>Границата на опфатот е дефинирана:<br>- од северо-западната страна минува по оската на ул. “Максим Горки“<br>- југо-западната граница се движи по осовината на ул. „Илинденска“<br>- на југо-источната страна границата се движи по оската на ул. „Партизанска“<br>-на јужната страна се движи по осовината на ул.11 Октомври |

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:

Најбитните глобални определби за идниот развој и поставките кои произлегуваат од концептот на организација и уредување на просторот се
намалување на стапката на миграционите движења како и зголемување на животниот стандард, зголемување на обемот на работоспособното население и активитет, развој на комерцијалните дејности со зголемување на капацитетите во доменот на услугите и трговијата
.Со развој на постојниот и создавање услови за нови комерцијални и деловни дејности, во идниот период може да се смета како една од реалните насоки, особено при постојната неповолна состојба со вработеноста.Поаѓајќи од постојниот капацитет, од основните карактеристики и состојби востопанисувањето, тенеденциите, расположивите ресурси и фактори на развој како и од насоките и претпоставките за идниот развој, се цени дека вонаредниот период ќе се динамизира стапката за оживување на комерцијалните дејности и ќе се создадат услови за нивен стабилен и континуиран растеж и развој.
Со порастот на општиот и личниот стандард на населението, зголемената куповна сила, измените во начинот на живеење и други услови, паралелно треба д се развиваат и комерцијалните и деловни дејности како и јавниот сектор. Основните принципи на овие дејности се доближување на продажниот простор до населението, концентрација и специјализација на објектите,проширување на асортиманот на стоките и услугите и современататехнологија во организација на продажбата.

Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:

Просторот е градежно изграден со куќи од кои дел со својата намена несоодветствуваат со ГУП,па порадо тоа земјиштето програмски ќе се осмисли и испланира за реалните потерби на самата општина и неговото опкружување.
Сообраќајно планскиот опфат е дефиниран од сите страни како и во внатрешноста на планскиот опфат.
Потребно е целосно уредување на просторот на планскиот опфат и обезбедување на основните функции.

| | |
|---|---|
| Потребни природни карактеристики или културно наследство | Маркова КУЛА<br>Кула со станбено-одбранбен карактер. Габаритот на кулата е квадратен со дим.5,80х5,80 со висина околу 20м. Изградена од полутесан камен чии фуги се заравнети со малтер |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | |

| | |
|---|---|
| Интензивна употреба на земјиштето | За оваа наменска зона планирани се и компатибилни класи на намена во односна основната класа и тоа:<br>Б1 – Мали комерцијални и деловни намени, со максимален дозволен процентна учество во однос на основната класа на намена од 30%,<br>Б5 – Хотелски кмплекси, со максимален дозволен процент на учество вооднос на основната класа на намена од 5%,<br>В1 – Образование и наука, со максимален дозволен процент на учество вооднос на основната класа на намена од 30%,<br>В2 – Здравство и социјална заштита, со максимален дозволен процент научество во однос на основната класа на намена од 30%,<br>Д3 – Спорт и рекреација, со максимален дозволен процент на учество во односна основната класа на намена од 30% |
| Влијанијата на областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународно заштитени подрачја | Нема |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени со предходни планови. можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

• рационално искористување на градежното земјиште;
• дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;
• решавање на сообраќајот и сообраќајот во мирување (паркирање);
• оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Планскиот опфат претставува ДУП за УЕ 6,дел од Б 6.3, „Едвард Кардељ“, КО Кавадарци -град, Општина Кавадарци.
Граница на опфатот
Границата на опфатот е дефинирана:
- од северо-западната страна минува по оската на ул. “Максим Горки“
- југо-западната граница се движи по осовината на ул. „Илинденска“
- на југо-источната страна границата се движи по оската на ул. „Партизанска“
-на јужната страна се движи по осовината на ул.11 Октомври
Големината на опфатот изнесува 2,78ха.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на зажтита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр.еден инфраструктурен план може да има поголеми влијаанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат
1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црната и обоена металургија, како и за јавна администрација, културна, туристичко-угостителска дејност
3) при изградба на објекти и инфраструктура
Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.
Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4) обезбедување на противпожарни пречки;
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.
Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.
Урбанистичко-технички мерки се:
-засолнување, заштита и спасување од поплави, заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ,заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства, заштита и спасување од урнатини, заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и спасување од

Заштита на водите
За Урбанистичкиот план за село Мрежичко, општина Кавадарци, од аспект на заштита на водите, да се почитува Законот за води (Службен весник на РМ, бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13 и 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).
- Мерки за заштита на почвата;
Депонирањето на отпадот треба да биде решавано на определување на пунктови за негово обирање, како и понатамошна негова евакуација од страна на надлежната комунална служба. Не се дозволува депонирање на отпад во рамките на локацијата. Во комплексот да се предвидат поплочени места за депонирање на отпадоците воконтејнери, а истите ќе се транспортираат во најблиската градска депонија надвор од просторот на планскиот опфат. Овие елементи ќе се лоцираат со изработка на урбанистичките проекти, поединечно за секоја градежна парцела.
- Мерки за заштита на вегетацијата;
Од аспект на овие мерки особено треба да се нагласи максималното сочувување на постоечката вегетација во локалитетот, со што буквално за секое стебло ќе се води грижа, со посебно нагласување на раритетните растенија-високостеблести и нискостеблести во колку се утврдат на локацијата Заради обезбедување на здрава животна средина на вработените, во комплексот ќе бидат организирани објекти и постројки согласно прописите, нормите и стандардите ои ќе придонесат за заштита на воздухот, водите, земјиштето и други елементи на животната средина и природата, со максимална заштита на природните вредности и реткости во планскиот опфат. - вградување на опрема за преработка и филтрирање на отпадните води во согласност со технолошкиот процес пред да бидат испуштени во мрежата. Со самата урбанистичка документација се предвидени мерки за заштита со високо зеленило како тампон зони (со издвојување на поедини позначајни содржини), со што визуелно би биле одделени и би се намалило загадувањето, бучавата и слично. Предвиден е спортско рекреативен терен со богато високо и ниско зеленило, а исто така направен е обид за озеленување на пооделни површини (каде што овозможуваше просторот) така да тие би ретставувале најважен елемент на природната рамнотежа во посочената животна средина.

| | |
|---|---|
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки кои што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. | |
| **Предложени плански решенија за уредување на просторот се базираат врзГенералниот урбанистички план на Кавадарци, ДУП УБ 6.3 „Едвард Кардељ"2003-2008г. Кавадарци, ДУП за дел од УБ 11К „Блажо Алексов" 2013-2018г,<br>ДУП за КП бр.11558, К.О. Кавадарци, 2015-2020г, ДУП за плански опфат „11-тиОктомври" 2007-2012г, ДУП со одлука бр.01-996/1 од 05.04.1976.Согласно блоковската поделба од ГУП Кавадарци, планскиот опфат сеоднесува** | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали предходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. | |
| **/** | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена врз влијание на животната средина). | |
| **/** | |
| ИЗЈАВА | **Изјавувам дека податоците дадени во овој формулар се точни вистинити и комплетни** |
| функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | **Градоначалник М-р Митко Јанчев** |
| Датум 20.02.2020<br>Место **Кавадарци** | М.П. |